# ЛАЗО
# ПЛАВЕВЕСКИ

## ЦРТЕЖИ ЗА
## ЈАНЕ И ЦЕНА



Музеј на современата уметност
Скопје, 1992



# 1



Серијата цртежи и сеченки за Јане и Цена е работена во периодот од 1988 – 1991 година. Тоа се, всушност две серии, настанати на две различни места, кои меѓусебе не се

ПОКЛОПУВААТ. ЦРТЕЖИТЕ ПОТЕКНУВААТ ОД 1988 / 89, А СЕЧЕНКИТЕ ОД 1990 / 91 ГОДИНА. РАБОТЕНИ СЕ ВО РАЗЛИЧНИ СТАНОВИ, ТАКА ШТО ПРЕСЕЛУВАЊЕТО БЕШЕ КРАЈ НА ЕДНАТА СЕРИЈА И, НЕШТО ПОДОЦНА, ПОЧЕТОК НА ВТОРАТА.



ПРИЧИНАТА ЗА СОЗДАВАЊЕТО НА ЦРТЕЖИТЕ И СЕЧЕНКИТЕ НАЈВЕРОЈАТНО Е ИГРАТА. ВО ЕДЕН ОДРЕДЕН МОМЕНТ НА ЈАНЕ ПОЧНАВ ДА МУ ЦРТАМ ЖИВОТНИ ВИДЕНИ ВО СЈАЈНИТЕ КНИГИ ЗА ЈУНАЦИТЕ ОД ТИМБАКТУ ОД РОЏЕР ХАРГРЕЈВС. ПОТОА ГИ ЛЕПЕВМЕ СО ЛЕПЛИВА ТРАКА НА ЅИД, ШТО НЕГО НЕВЕРОЈАТНО ГО ЗАБАВУВАШЕ. СЕРИЈАТА ПОНАТАМУ ПРОДОЛЖИ СО ЦРТАЊЕ НА РАЗНИ ЛИЧНОСТИ И СИТУАЦИИ ОД ПРИКАЗНИТЕ ШТО ЈАС И МАЈКА МУ ГИ РАСКАЖУВАВМЕ. НА КРАЈОТ ОД СЕКОЈА, СЛЕДУВАШЕ РИТУ-



АЛНО ЛЕПЕЊЕ НА ЦРТЕЖИТЕ НА ЅИД. ВЕРОЈАТНО ДЕКА ТОА БЕШЕ ЗНАК КОЈ НА ЦРТЕЖОТ МУ ДАВАШЕ ИЗВЕСНА ВРЕДНОСТ И НА ЈАНЕ МУ НУДЕШЕ СИГУРНОСТ ДЕКА СЕРИЈАТА И ПОНАТАМУ ЌЕ ПРОДОЛЖИ. НА КРАЈ БЕВМЕ ОПКРУЖЕНИ ОД ЕДНА ЧУДЕСНА МЕНАЖЕРИЈА, КОЈА СЕКОЈДНЕВНО ГО ГЛЕДАШЕ НАШЕТО ЖИВЕЕЊЕ, ОБЕЛЕЖАНО СО ОГРОМНАТА ЕНЕРГИЈА НА ЈАНЕ И ТОГАШ МАЛЕЧКАТА ЦЕНА.

СКОРО ЦЕЛАТА СЕРИЈА ЈА РАБОТЕВ СО АКВА – ФЛОМАСТЕРИ КОИ БЕА КУПУВАНИ ИЛИ ДОБИВАНИ КАКО ПОДАРОК ЗА ДА ГИ ЗАДОВОЛАТ НЕИДЕНТИФИКУВАНИТЕ ЦРТАЧКИ ПОТРЕБИ НА ЈАНЕ. СЕ ПОКАЖА ДЕКА ТОЈ НИВ ЌЕ ГИ ЗАДОВОЛУВА ПРЕКУ МЕНЕ И ПРЕКУ ЕНЕРГИЧНОТО УНИШТУВАЊЕ НА ИНАКУ ОСЕТЛИВИТЕ ВРВОВИ НА ФЛОМАСТЕРИТЕ, НАЈЧЕСТО ВРЗ ЦРТЕЖИТЕ КОИ ТОГАШ МУ ГИ ЦРТАВ. ЗА СРЕЌА, ОВАА ЕНЕРГИЧНА

АКЦИЈА НА ЈАНЕ САМО ГИ ДЕФОРМИРА ФЛОМАСТЕРИТЕ, КОИ СО МАЛКУ КОНЦЕНТРАЦИЈА МОЖЕА ДА СЕ ТРЕТИРААТ КАКО ЧЕТКА, ШТО ОВОЗМОЖУВАШЕ НЕПРЕДВИДЛИВИ И ПОТТИКНУВАЧКИ ЦРТАЧКИ ЕФЕКТИ.



При реализацијата на скоро сите цртежи важеше правилото дека децата се наоѓаат врз или околу мене и дека сеансата на цртање почнува на нивно инсистирање, што не секогаш беше пријатно. На пример после ручекот. Имаше уште нешто што на моменти ме фрлаше во вистинска депресија. За цело време на цртањето бев влечен за

РАКАТА СО КОЈА ЦРТАВ, ШТО ЗА МЕНЕ, НАВИКНАТ ВО ФИНАЛИЗИРАЊЕТО НА НЕКОЈА РАБОТА ДА БИДАМ МАКСИМАЛНО КОНЦЕНТРИРАН, БЕШЕ ЕДНА НОВА, ЦРТАЧКИ НЕСОВЛАДЛИВА ДИМЕНЗИЈА.

СЕРИЈАТА КОЈА СО ОВОЈ ТЕКСТ ИМАМ НАМЕРА ДА ЈА ОПИШАМ, СЛЕДУВАШЕ, ИЛИ БЕШЕ ПАРАЛЕЛНА СО КРАЈОТ НА ЕДНА СЕРИЈА НА КАРТИЧКИ, ЗАМИСЛЕНА КАКО ВИЗУЕЛНА КОМУНИКАЦИЈА – НА МОМЕНТИ И ИСПОВЕД – ШТО ГИ РАЗМЕНУВАВ СО ЕДЕН ПРИЈАТЕЛ, СО КОГО ГО ДЕЛЕВМЕ ЧУВСТВОТО ДЕКА МЕЃУСЕБНО СОЗДАДЕНИТЕ КРИТЕРИУМИ И ИНТЕРНАТА ПОДЕЛБА НА ЛИЧНИТЕ НЕДОУМИЦИ, НИ СЕ ЕДИНСТВЕНИОТ ЕТИЧКИ ИЗЛЕЗ ОД СОСТОЈБАТА





КОЈА НЕ ОПКРУЖУВА.

За мене овие картички имаа и една несакана последица: имавме намера визуелното ниво на картичките да биде максимумот на нашите можности, што во мојот случај доведе до ужасна спорост и бескрајно одолговлечување на финализацијата.

Во тој период серијата на картички се ближеше кон својот крај и веројатно, потсвесно, некои главни нејзини етички димензии ги префрлив и инертно ги радикализирав во новата серија, што во тој момент се создаваше. Особено растеретување за мене беше и тоа што поради техниката и ритуалот на цртањето непредвидливо излегуваа голем број готови цртежи, кои згора на се и носеа радост и нескриено допаѓање на мојата нова околина. На вакво допаѓање од порано не бев навикнат, и имав создадено еден цел систем на одбрамбени



# 7



МЕХАНИЗМИ, КОИ СО ВРЕМЕ СТАНАА ЛОГИЧНИ И ПРИРОДНИ. РАДОСТА ПРИ СОЗДАВАЊЕТО НА СЕТО ОНА ШТО БЕШЕ НАЦРТАНО, ОД СТРАНА НА МОИТЕ ДЕЦА, ПРЕТСТАВУВАШЕ ЕДНА НОВА ДИМЕНЗИЈА ВО МОЕТО ЦРТАЧКО ИСКУСТВО.

ОПИШАНАТА СЕРИЈА ЗАВРШИ СО ПРЕСЕЛБАТА ВО ДРУГ СТАН. НОВАТА ОКОЛИНА НЕ МОЖЕШЕ ДА ГО ИМА ИСТОТО ОПКРУЖУВАЊЕ. ЦРТЕЖИТЕ БЕА РИТУАЛНО СИМНАТИ И ВЕРОЈАТНО СЛУЧАЈНО СОЧУВАНИ. ОД ЈАНЕ И ЦЕНА СКОРО ЗАБОРАВЕНИ И ПОКРАЈ НИВНАТА ПРЕТХОДНА ЖЕЛБА ТИЕ ДА СЕ НАЈДАТ НА НОВИТЕ ЅИДОВИ. СЛЕДУВАШЕ СОСЕМА НОВА СИТУАЦИЈА, СО НОВИ ИГРИ ВО КОИ, ОД НЕЗНАМ КОИ ПРИЧИНИ,



ПОЧНАВМЕ ДА ЦРТАМЕ РАЗНИ ЖИВОТНИ – ПРЕТХОДНО ИМЕНУВАНИ – КОИ ПО ЦРТАЊЕТО СЕ СЕЧЕА ПО КОНТУРНИТЕ ЛИНИИ И ДОБИВАА ФУНКЦИЈА НА ЦРТЕЖИ – ИГРАЧКИ. ОСВЕН ВО РЕТКИ СИТУАЦИИ, КОГА БЕА ЛЕПЕНИ НА ЅИД, А ПОТОА И ВАДЕНИ, ТИЕ БЕА РЕДЕНИ ПО ПОД И СО НИВ ДЕЦАТА СИ ИГРАА ТУТКАЈЌИ И КИНЕЈЌИ ГИ. БЕШЕ ТОА ДЕЛ ОД НИВНАТА ИГРА, КАДЕ ШТО ЕВЕНТУАЛНОТО УНИШТУВАЊЕ БЕШЕ ЛОГИЧЕН КРАЈ НА ЦРТЕЖИТЕ.

ПОСЛЕДНИТЕ ПЕТНАЕ-

СЕТИНА ЦРТЕЖИ – СЕЧЕНКИ БЕА РАБОТЕНИ БЕЗ НИВНО ПРИСУСТВО. ГИ РАБОТЕВ НАВЕЧЕР И ИМ ГИ ОСТАВАВ НА МЕСТО, НА КОЕ ТИЕ И ОЧЕКУВАА ДА ГИ НАЈДАТ.

СИТЕ ОВИЕ ЖИВОТНИ, СЕ ОБИДОВ ДА ГИ ИЗВЕДАМ СО



# 10

ВМЕТНУВАЊЕ НА РАЗНИ ОСНОВНИ ФОРМИ, АПСТРАКТНИ ПО СВОЈАТА ПРИРОДА, ПРИ ШТО ОЧИТЕ, РАЦЕТЕ И НОЗЕТЕ ИМАА ФУНКЦИЈА НА ДЕФИНИРАЊЕ НА ВИДОТ НА ЖИВОТНОТО. ПРОБЛЕМОТ БЕШЕ ВО ТОА ШТО СИТЕ ОВИЕ ТРИКОВИ МОРАА ДА БИДАТ ИЗВЕДУВАНИ ДИРЕКТНО СО ФЛОМАСТЕР, ПРИ ШТО БЕШЕ ПОТРЕБНА ПОГОЛЕМА КОНЦЕНТРАЦИЈА.

ПРЕПУШТАЊЕТО НА ЦЕЛИОТ ОВОЈ ТРУД НА СУДБИНАТА НА НЕПРЕДВИДЛИВИОТ ВЕТЕР НА ДЕТСКИТЕ РАЦЕ, ПРЕТСТАВУВАШЕ МОЈА ЛИЧНА ОПИЕНОСТ ВО ЦЕЛАТА ИГРА.

ПРЕД САМИОТ К Р А Ј ЗАБЕЛЕЖАВ ДЕКА НЕКОИ ЗА МЕНЕ ДРАГИ





ЦРТЕЖИ ПОЧНАВ ДА ГИ ТРГАМ НА СТРАНА, ОБИДУВАЈЌИ СЕ НА ТОЈ НАЧИН ДА ГИ ЗАШТИТАМ.

СЕРИЈАТА ЗАВРШИ.

ТАА МОЈА СЕБИЧНОСТ ЈА НАПРАВИ МОЖНА ОВАА ИЗЛОЖБА.

ОВА СЕЌАВАЊЕ ЗА НАСТАНУВАЊЕТО НА ОПИШАНАТА СЕРИЈА Е НАПИШАНО ЗА КАТАЛОГОТ ЗА МАЛАТА ИЗЛОЖБА НА КОЈА ТАА ТРЕБА ДА БИДЕ ПРИКАЖАНА. ПОРАДИ ТОА ВО СЕБЕ ЧУВСТВУВАМ ИЗВЕСНА НЕПРИЈАТНОСТ. ИАКО СЕРИЈАТА Е ВЕЌЕ ОДАМНА ЗАВРШЕНА И СО НЕЈЗИНИТЕ ОСТАТОЦИ ДЕЦАТА РЕТКО СИ ИГРААТ, НЕ СУМ СИГУРЕН ДЕКА НЕШТО ШТО БЕШЕ ТАКА ПРИВАТНО ТРЕБА ЈАВНО ДА БИДЕ



ИЗЛОЖЕНО. НЕЈЗИНИОТ ЛОГИЧЕН КРАЈ ТРЕБА ДА БИДЕ ВО НЕЈЗИНОТО ФИЗИЧКО ИСЧЕЗНУВАЊЕ И ПОСТЕПЕНО ГАСНЕЊЕ ВО НАШИТЕ СЕЌАВАЊА. ЕДНО МИНАТО ИСКУСТВО ЗА СРЕЌНИТЕ ДЕНОВИ СО МАЛИ ДЕЦА, КОГА НИШТО ДРУГО И НЕ МОЖЕВМЕ ДА РАБОТИМЕ.



Излагањето на оваа мала серија го прифатив свесно, со сите морални дилеми околу тоа и без рационална причина во негова корист. Го чинам тоа затоа што тоа морам да го направам.

Текстов, чие читање штотуку го завршувате е последниот дел од мојата серија на цртежи за Јане и Цена.

**ЛАЗО ПЛАВЕВСКИ**

СКОПЈЕ,

22. 03. 1992 ГОДИНА



НА

ИЗЛОЖБАТА

СЕ ПРЕЗЕНТИРАНИ

ТРИЕСЕТТИНА

ЦРТЕЖИ И СЕЧЕНКИ

ВО

РАЗЛИЧНИ ФОРМАТИ,

НАСТАНАТИ ВО ПЕРИОДОТ

ОД

1988 – 1991 ГОДИНА.





МАКПЕТРОЛ А. Д.
СКОПЈЕ

